# Договор со засегнатата страна

**Верзија:** 1.0
Датум: 1.12.2003

**КИБС АД Скопје**
© 2003 КИБС АД Скопје, сите права задржани
http://ca.kibs.com.mk

# Содржина

1. Дефиниции ... 3
2. Делокруг на договорот ... 3
3. Страни – Обврзувачки ефект ... 4
4. Квалитет на информациите – обврска на КИБС ... 4
5. Квалитет на информациите - потврдување ... 4
6. Одлука за доверба – индиректни штети ... 4
7. Осигурување – граници на одговорност ... 4
8. Правила на издавачот на сертификати ... 5
9. Ништавност ... 5
10. Решавање на спор ... 5
11. Надлежен закон ... 5

ВИЕ МОРА ВНИМАТЕЛНО ДА ГО ПРОЧИТАТЕ ДОГОВОРОТ ПРЕД ДА ПОБАРАТЕ ДА ГО ПРОВЕРИТЕ СТАТУСОТ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СЕРТИФИКАТ ИЗДАДЕН ОД КИБС (“ВАЛИДНОСТ НА СЕРТИФИКАТОТ”) ИЛИ ПРЕД ДА ГИ УПОТРЕБИТЕ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДА СЕ ПОТПРЕТЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ИЛИ УСЛУГИТЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ ВЕБ САЈТОТ НА КИБС.
ДОКОЛКУ НЕ СТЕ СОГЛАСНИ СО УСЛОВИТЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР, ВИЕ НЕ СТЕ ОВЛАСТЕНИ ДА ГИ КОРИСТИТЕ ИЛИ ДА СЕ ПОТПРЕТЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПОНИШТЕНИ СЕРТИФИКАТИ, ИНФОРМАЦИИТЕ И УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ПРЕКУ ВЕБ САЈТОТ НА КИБС. СООДВЕТНО НА ТОА, КИБС НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ОДГОВОРЕН ВО ВРСКА СО ШТЕТИТЕ ПРИЧИНЕТИ ОД БИЛО КАКВА УПОТРЕБА ИЛИ ПОТПИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ.
ЗА БИЛО КОЈА ИНФОРМАЦИЈА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ОВОЈ ДОГОВОР, МОЖЕТЕ ДА НЕ КОНТАКТИРАТЕ НА:

КИБС АД Скопје,
K.J.Питу 1, 1000 Скопје, Македонија
T: +389 2 3297 444
URL: http://ca.kibs.com.mk
email: ca-pravila@kibs.com.mk

# 1. Дефиниции

**Засегната страна:** Примач на информација кој делува, потпирајќи се на сертификат и електронски потпис.

**Издавач на сертификати:** Овластена институција, како КИБС, која издава, одложува, или поништува електронски сертификати и воопшто која ги извршува сите работи со управувањето на сертификатите.

# 2. Делокруг на договорот

Договорот со засегнатата страна (во понатамошниот текст: Договор) ја контролира употребата на информациите обезбедени од страна на КИБС во поглед на:

- Информации обезбедени како резултат на пребарувањата на електронски сертификат;
- Верификација на статусот на електронските потписи креирани со приватен клуч кој соодветствува на јавниот клуч содржан во сертификатот (“валидација на сертификатот”);
- Информации објавени на веб сајтот на КИБС;
- Услугите објавени или обезбедени преку веб сајтот на КИБС.

# 3. Страни – Обврзувачки ефект

Овој Договор станува полноважен помеѓу КИБС, со севкупните негови можности како издавач на сертификати, и страната ("засегнатата страна") кога втората бара валидација на сертификат или на друг начин користи или се потпира на некоја информација обезбедена од страна на КИБС преку неговиот веб сајт.

# 4. Квалитет на информациите – обврска на КИБС

КИБС познавајќи ја сопствената позиција на доверба, ја осигурува засегнатата страна дека информациите од нејзините сертификати се прецизни и точни.

КИБС ќе преземе соодветни чекори за да ја осигура засегнатата страна дека информациите кои се содржани во нејзините записи и директориуми се соодветни, т.е. ажурирани во одредени временски интервали.

# 5. Квалитет на информациите - потврдување

Засегнатата страна потврдува дека има соодветни информации за да одлучи дали ќе се потпре на информациите наведени во сертификатот на КИБС.

# 6. Одлука за доверба – индиректни штети

Засегнатата страна е единствено одговорна за одлуката дали ќе се потпре или не на информациите обезбедени од страна на КИБС.

Засегнатата страна е единствено одговорна за сите причинети индиректни штети како резултат на валидацијата на сертификатот или на употребата и довербата на информациите обезбедени од страна на КИБС преку неговиот веб сајт.

# 7. Осигурување – граници на одговорност

Со намера да обезбеди доверливи сервиси, КИБС нуди соодветен план за осигурување за покривање на можна загуба заради грешки во сертификатите.

Осигурувањето се обезбедува преку осигурителна компанија и покрива максимум до 50.000 евра за сертификатите ВЕРБА, односно максимум до 100.000 евра за сертификатите ВЕРБА Про и ВЕРБА Сервер во денарска противвредност, сметано по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на исплатата.

Во никој случај вкупната одговорност на КИБС кон сите (вклучувајќи ја и засегнатата страна) нема да ја надмине границата на одговорност за сертификататите наведени во оваа точка.

За овој договор исто така, ќе се применуваат одредбите од Договорот со осигурувачот.

## 8. Правила на издавачот на сертификати

Доколку било која одредба од овој Договор е во спротивност со одредбите на КИБС Правилата на издавачот на сертификати (ПИС), ќе се применат одредбите од ПИС.

Во однос на одговорноста, КИБС не може да прифати било каква друга одговорност од онаа прифатена во ПИС и објавена на http://ca.kibs.com.mk/repository кои го уредуваат користењето на услугите на КИБС.

## 9. Ништавност

Ако било која одредба од овој Договор или нејзината употреба поради некоја причина или во некоја мерка биде неважечка или неспроведлива, остатокот од Договорот и употребата на таквата одредба кон други лица или околности ќе бидат протолкувани на таков начин што најдобро ќе погодува на намерите на договорните страни.

НЕДВОСМИСЛЕНО СЕ ПОДРАЗБИРА И ДОГОВАРА ДЕКА СЕКОЈА ОДРЕДБА ОД ОВОЈ ДОГОВОР КОЈА ПРАВИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА, ОДБИВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊА ИЛИ ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ШТЕТИ ОДРЕДЕНА ОД ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ ЌЕ БИДЕ ОДВОЕНА И НЕЗАВИСНА ОД БИЛО КОЈА ДРУГА ОДРЕДБА И ЌЕ БИДЕ СПРОВЕДЛИВА КАКО ТАКВА.

## 10. Решавање на спор

Во случај на спор настанат од овој Договор, страните се согласуваат да го решат нивниот спор пријателски или со вон судско решавање на спорот, пред да се преземе било каква судска постапка.

## 11. Надлежен закон

Овој Договор е во согласност со законите во Република Македонија.